Врз основа на член 22 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), член 38 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 25/06, 8/10 и 18/14) и член 7 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), Градоначалникот на општина Гевгелија донесе

# П Р А В И Л Н И К

За начинот, постапката и критериумите за финансирање програми и проекти од областа на културата од интерес на Општина Гевгелија

## I Општи одредби

За остварување на јавните потреби од областа на културата, Општина Гевгелија усвојува и реализира Годишни програми за финасирање на програми и проекти од областа на културата.

Културните дејности, програми, манифестации од интерес на Општина Гевгелија, кои финансиски ќе бидат поддржани од Буџетот на Општината, треба да ги одразуваат јавните потреби како и потребите утврдени со закон.

Преку реализација на овие програми, целта е Општина Гевгелија, во рамки на своите законски надлежности и можностите да обезбеди развој, стимулирање и презентација на вредностите и достигнувањата во областа на културата.

## II Општи цели

- Развој и унапредување на дејноста и работата на установите од областа на културата основани од Општина Гевгелија;
- чување и афирмирање на материјалното, духовното и културното наследство;
- поттикнување и афирмирање на културните разноликости на припадниците на етничките зедници;
- достапност на културните добра и вредности до граѓаните;
- иновативност, впечатливост и оригиналност на идејата;
- континуитет на традиционалните културно-уметнички манифестации што се од интерес за општината;
- презентирање и афирмирање на современото творештво, урбаната култура и јавната уметност;
- афирмирање и поддршка на млади уметници и автори (до 35 години),
- развивање на младинската култура во чии рамки ќе се поддржуваат креативни и едукативни проекти од категориите на изведбените уметности, визуелните уметности, уметност на новите медиуми и литература (книга/стрип албум/графичка новела);
- развивање на аматерската култура во чии рамки ќе се поддржуваат креативни и едукативни проекти од категориите на изведбените уметности, визуелните уметности, архитектурата и дизајнот, уметноста на новите медиуми и литературата книга/стрип албум/графичка новела;
- поддршка и развивање на традиционалните културни вредности;
- воспоставување на соработка и партнерства во рамките на предложениот проект со една или повеќе јавни културни установи од општината, национални установи, граѓански организации, образовни институции и други организации;

- одбележување јубилејни настани и значајни датуми;
- промоција и афирмација на нови уметнички форми и изрази;
- организирање на Меѓународни фестивали што се одржуваат во Општина Гевгелија;
- стимулирање и поддршка на разни партнерски меѓународни проекти;
- поттикнување на научната и критичката мисла преку организирање на семинари, конференции и дебати;
- изведба на едукативни работилници за деца и млади, за наставничкиот кадар од основните и средните училишта, лицата со посебни потреби, со цел потикнување на нивната креативност и подобрување на културниот развој на децата и младите и лицата со посебни потреби.

**III Посебни цели**

1. Издавачката и библиотечната дејност:

- издавање на книги и електронски изданија, публикации, монографии, зборници што обработуваат теми од животот и историјата на општината;
- поддршка на книжевно творештво со високи вредности од автори кои творат на македонски јазик и на јазиците на заедниците во општината;
- дела со исклучителна културна вредност, монографии, стручни публикации, како и дела што се резултат на истражувачи проекти за општината;
- издаваштво наменето за деца и млади;
- зблогатување на библиотечниот фонд преку откуп на книги и публикации.

2. Музичката и музичко сценска дејност:

- поттикнување и изведба на нови форми и изрази;
- поттикнување на музичкиот и фолклорниот аматеризам;
- организирање музички и балетски работилници, сценско уметнички перформанси, поединечни концерти, семинари, музички и танцови натпревари;
- работилници со лица со посебни потреби од областа на музичко сценската дејност
- заштита на духовното културно наследство преку негување и презентирање на изворното фолклорно творештво
- презентирање на македонскиот фолклор и фолклорот на припадниците на заедниците кои живеат во општината.

3. Драмската дејност:

- негување и презентација на националното драмско творештво од различни уметнички стилови и жанрови со застапеност на традиционални и современи автори;
- поттикнување на драмски аматеризам;
- работилници со млади, како и со лица со посебни потреби од областа на драмските дејности.

4. Ликовната дејност и уметноста на новите медиуми:

- ретроспективно-монографски изложби од особено значење за општината кои одразуваат континуитет во уметничкото дејствување и кои се потврдени од ликовната критика и историјата на уметноста;
- самостојни, групни, и други проекти од земјава и од странство кои ги промовираат современите уметнички форми и изрази и придонесуваат за развој на современиот ликовен јазик во општината;

- негување и развивање на традиционалните ликовни техники и технологии (сликарство, вајарство, графика);
- промоција и развој на современата урбана уметност со акцент на користење на јавните градски површини како и други алтернативни простори за презентација на уметничките дела во општината;
- работилници со млади како и со лица со посебни потреби.

5. Заштита на културното наследство:
- презентација, популаризација и промоција на културното и историско наследство;
- користење на културното наследство како ресурс за развој на туризмот;
- организирање на кампањи, работилници и предавања за промоција и значењето на културното наследство на територијата на општината.

6. Меѓународна соработка:
- соработка и учество на Меѓународни манифестации, фестивали и во проекти врз основа на реципроцитет, за кои треба да се достави покана од организаторот;
- програми и проекти од областа на културата што ќе се одвиваат на подрачјето на општината, а кои што имаат обезбедено финансиска поддршка (грант) од фондовите на Европската Комисија, УНЕСКО и/или други меѓународни фондови;
- промоција и афирмација на културната разноликост на општината во светот;
- промоција и афирмација на нови уметнички форми и изрази во странство;
- афирмација на културата на припадниците на заедниците во општината во странство;
- афирмација на фолклорот со учество на Меѓународни смотри и фестивали.

7. Јавни установи од областа на културата:
- чување и афирмирање на материјалното, духовното и културното наследство на Општина Гевгелија;
- презентирање и афирмирање на современото творештво, урбаната култура и јавната уметност;
- континуитет на традиционалните културно уметнички манифестации;
- одбележување на јубилејни настани и значајни датуми во културата.

**IV Начин и постапка**

За финансиска поддршка на програмите, проектите и активностите од областа на културата, во смисла на одредбите наведени во делот општи начела, Советот на Општина Гевгелија, најдоцна пред завршување на првиот квартал од годината усвојува Годишна Програма за финасирање на програми и проекти од областа на културата од интерес на Општина Гевгелија за тековната година.

Во програмата, меѓу другото, наведени се сите субјекти и содржини-активности од областа на културата кои, делумно или целосно, ќе бидат финансирани од Буџетот на Општината.

Сите заинтересирани субјекти за финансиска поддршка од општината аплицираат на јавен конкурс кој за секоја наредна година го распишува Градоначалникот во последниот квартал од претходната година.

Аплицирањето се врши на стандардизирани обрасци кои се задолжителни за секој апликант и се составен дел на документацијата од самиот јавен конкурс.

На Конкурсот имаат право да учествуваат уметници, самостојни уметници, установи од областа на културата, здруженија на граѓани, фондации и други физички и правни лица, регистрирани во Република Северна Македонија за дејности од областа на

културата, согласно Законот за културата  други позитивни законски прописи во Република Северна Македонија.

**V Критериуми за оценување**

| | |
|---|---|
| Детално разработена програма/проект согласно правилата на конкурсот и уредно пополнета пријава (апликација) | 15 |
| Предлог: проектот/програмата да е во согласност со мисијата и целите на субјектот-предлагач | 15 |
| Ефекти (придонес на програмата/проектот во остварување на општите и посебните цели за развојот на културата во Општина Гевгелија ) | 20 |
| Имплементација (предлагачот да располага со соодветни рсурси (човечки и материјални) за имплементација на проектот) | 10 |
| Искуство на апликантот во реализирање на програми, проекти и активности од областа на културата (референтна листа) | 10 |
| Детално разработена финансиски план за потребните средства за реализација на програмата/проектот | 15 |
| Оправданост на трошоците во предложениот финсиски план (реален буџет во однос на активностите и бројот на ангажирани лица, опис на трошоци по позиции) | 15 |
| **вкупно бодови** | **100** |

**VI Завршни одредби**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.14-1569 /1
14.10. 2020 година
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија

***м-р Сашо Поцков***
***с.р.***